Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанции Избор - Струмица.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанции Избор - Струмица, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/4-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**488.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗОНА – КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Десктоп компјутер | Fujitsu Esprimo P3521/2GB/250GB | Фуџицу | парче | 1 |
| 2 | Монитор | G920WL | Бенкју | парче | 1 |
| 3 | УПС генератор | Nova AVR 625VA | МГЕ | парче | 1 |
| 4 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 5 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 6 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 7 | Клима уред сплит систем | ACS-HL 12FA2 | НЕО | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението ЗОНА - Кавадарци.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Здружението ЗОНА - Кавадарци, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/5-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**489.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ХЕЛП – ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Десктоп компјутер | dc 5800 MC | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 2 | Монитор | L1908w 19” Wide Screen | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 3 | Десктоп компјутер | Fujitsu Esprimo P3521/2GB/250GB | Фуџицу | парче | 1 |
| 4 | Монитор | G920WL | Бенкју | парче | 1 |
| 5 | УПС генератор | Nova AVR 625VA | МГЕ | парче | 1 |
| 6 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 7 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 8 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 9 | Принтер | PRN MLJ SM ML-2851NDR | Самсунг | парче | 1 |
| 10 | Работно биро со димензии 140x80x72.5cm | SF-04-SOFT | НИМ | парче | 1 |
| 11 | Фиокар со три фиоки на тркалца со димензии 54x42x59cm | CS-91-SOFT | НИМ | парче | 1 |
| 12 | Отворен плакар за документи со четири полици и две врати, затворен до пола, со димензии 90x42x200cm | TC-92 28+3POL | НИМ | парче | 1 |
| 13 | Канцелариска столица вртлива со лифтомат и раконаслони | Golf C11-CX117 | Антарес | парче | 2 |
| 14 | Клима уред сплит систем | ACS-HL 12FA2 | НЕО | парче | 1 |
| 15 | Телефон/Факс | KX-FP207FX-S | Панасоник | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението ХЕЛП - Гостивар.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Здружението ХЕЛП - Гостивар, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/6-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**490.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ЖИВОТ - ТЕТОВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќиште за десктоп компјутер | dc 5800 MC | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 2 | Монитор | L1908w 19” Wide Screen | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 3 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 4 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 5 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 6 | Принтер | PRN MLJ SM ML-2851NDR | Самсунг | парче | 1 |
| 7 | Затворен плакар за документи со две врати и четири полици со димензии 90x42x200cm | Glory-Hole | НИМ | парче | 1 |
| 8 | Амбулантски кревет со димензии 180cm | Metalic | Офис Плус | парче | 1 |
| 9 | Конференциска столица, со четири ногарки од метал и тапацир од штоф | Taurus T/N C11 | Антарес | парче | 8 |
| 10 | Канцелариска столица вртлива со лифтомат и раконаслони | Golf C11-CX117 | Антарес | парче | 4 |
| 11 | Работно биро со димензии 140x80x72.5cm | SF-04-SOFT | НИМ | парче | 1 |
| 12 | Затворен плакар за документи со димензии 90x42x200cm | TC100 | НИМ | Парче | 1 |
| 13 | Отворен плакар за документи со четири полици и две врати, затворен до пола, со димензии 90x42x200cm | TC-92 28+3POL | НИМ | Парче | 1 |
| 14 | Телефон-факс | KX-FP207FX-S | Панасоник | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението Центар развој и за унапредување на јавниот живот – Тетово.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Здружението Центар за развој и унапредување на јавниот живот - Тетово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/7-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**491.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПОМОШ И РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗАВИСНИЦИ И ДРУГИ МАРГИНАЛИЗИРАНИ И СТИГМАТИЗИРАНИ СОЦИЈАЛНИ ГРУПИ ОПЦИЈА - ОХРИД**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќиште за десктоп компјутер | dc 5800 MC | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 2 | Монитор | L1908w 19" Wide Screen | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 3 | Куќиште за десктоп компјутер | Fujitsu Esprimo P3521/2GB/250GB | Фуџитсу | парче | 1 |
| 4 | Монитор | G920WL | Бенкју | парче | 1 |
| 5 | УПС генератор | AVR 625VA | Нова | парче | 1 |
| 6 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 7 | Монитор | 18,5" 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 8 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 9 | Печатач | PRN MLJ SM ML-2851NDR | Самсунг | парче | 1 |
| 10 | Работно биро со димензии 140x80x72.5cm | SF-04-SOFT | НИМ | парче | 1 |
| 11 | Фиокар со три фиоки на тркалца со димензии 54x42x59cm | CS-91-SOFT | НИМ | парче | 1 |
| 12 | Отворен плакар за документи со четири полици и две врати, затворен до пола, со димензии 90x42x200cm | TC-92 28+3POL | НИМ | Парче | 1 |
| 13 | Конференциска столица, со четири ногарки од метал и тапацир од штоф | Taurus T/N C11 | Антарес | парче | 20 |
| 14 | Канцелариска столица вртлива со лифтомат и раконаслони | Golf C11-CX117 | Антарес | парче | 2 |
| 15 | Клима уред сплит систем | ACS-HL | НЕО | парче | 1 |
| 16 | Телефон-факс | KX-FP207FX-S | Панасоник | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението за помош и ресоцијализација на зависници и други маргинализирани и стигматизирани социјални групи ОПЦИЈА - Охрид.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Здружението за помош и ресоцијализација на зависници и други маргинализирани и стигматизирани социјални групи ОПЦИЈА - Охрид, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11414/8-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**492.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ ХЕРА СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

**Табела 1**

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 2 | Монитор | 18,5" 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 3 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |

**Табела 2**

| Назив на движната ствар | Карактеристики | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Патничко возило | Тип: 7HM Multivan Comfortline<br>Сила на моторот: 75W<br>Број на шасија: WV2ZZZ7HZ9H099099<br>Број на мотор: BRS/133137<br>Зафатнина на моторот во цм³: 1896<br>Година на производство: 2009<br>Боја на каросеријата: Бела/01<br>Регистарска ознака: SK 042 SR | Фолксваген | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11414/9-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**493.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ПОДДРШКА НА ЛУЃЕТО ШТО ЖИВЕАТ СО ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 2 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 3 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Здружението за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/10-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**494.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ХОПС – ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Десктоп компјутер | dc 5800 MC | Хјулит Пакард | парче | 3 |
| 2 | Монитор | L1908w 19” Wide Screen | Хјулит Пакард | парче | 3 |
| 3 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 4 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 5 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 6 | Принтер | PRN MLJ SM ML-2851NDR | Самсунг | парче | 1 |
| 7 | Телефон/Факс | KX-FP207FX-S | Панасоник | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението ХОПС– Опции за здрав живот - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/11-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**495.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО „ЕДНАКВОСТ ЗА ГЕЈ И ЛЕЗБЕЈКИ“ ЕГАЛ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

**Табела 1**

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Десктоп компјутер | dc 5800 MC | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 2 | Монитор | L1908w 19” Wide Screen | Хјулит Пакард | парче | 1 |
| 3 | Кукиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 4 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 5 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 6 | Принтер | PRN MLJ SM ML-2851NDR | Самсунг | парче | 1 |
| 7 | Работно биро содимензии 140x80x72.5см | SF-04-SOFT | НИМ | парче | 1 |
| 8 | Затворен плакар за документи со димензии 90x42x200см | TC100 | НИМ | парче | 1 |
| 9 | Отворен плакар за документи со четири полици и две врати, затворен до пола, со димензии 90x42x200см | TC-92 28+3POL | НИМ | парче | 1 |
| 10 | Клима уред сплит систем | ACS-HL 12FA2 | НЕО | парче | 1 |
| 11 | Телевизор | 2962FT PIP STEREO | НЕО | парче | 1 |
| 12 | ДВД стерео | HT-X20 | Самсунг | парче | 1 |

**Табела 2**

| Назив на движната ствар | Карактеристики | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Патничко возило - лимузина | Тип: Berlingo M1<br>Година на производство: 2009<br>Сила на моторот: 55KW<br>Зафатнина на моторот: 1560 $cm^3$<br>Број на шасија: VF77J9HTC9J030148<br>Број на мотор: 10JBBU3031428<br>Боја на каросерија: 76 црвена<br>Регистарска ознака:SK-691-TB | Цитроен | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението „Еднаквост за геј и лезбејки“ ЕГАЛ - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Здружението „Еднаквост за геј и лезбејки“ ЕГАЛ – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11414/12-18 | Заменик на претседателот |
| 29 јануари 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

___

**496.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА, ТРЕТМАНОТ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦА КОИ УПОТРЕБУВААТ ДРОГА И ДРУГИ ПСИХОАКТИВНИ СУПСТАНЦИИ ДОВЕРБА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

Табела 1

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кућиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 2 | Монитор | 18,5” 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 3 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |
| 4 | Дата база/софтвер | 020/08 | ПРО-ЛОГИСТИКС | парче | 1 |
| 5 | Клима уред сплит систем | ACS-HL 12FA2 | НЕО | парче | 1 |

Табела 2

| Назив на движната ствар | Карактеристики | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Патничко возило - комби | Тип: Berlingo M1 Година на производство: 2008 Сила на моторот: 55кW Зафатнина на моторот: 1560 cm$^3$ Број на шасија: VF77J9HTC67624983 Број на мотор: 10JBAV0140083 Боја на каросерија: Темно црвена/76 Регистарска ознака:SK-704-SR | Цитроен | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Здружението за унапредување на превенцијата, третманот и социјално вклучување на лица кои употребуваат дрога и други психоактивни супстанции ДОВЕРБА - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Здружението за унапредување на превенцијата, третманот и социјално вклучување на лица кои употребуваат дрога и други психоактивни супстанции ДОВЕРБА - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-11414/13-18 | Заменик на претседателот |
| 29 јануари 2019 година | на Владата на Република |
| Скопје | Македонија, |
| | д-р **Кочо Анѓушев,** с.р. |

**497.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Куќиште за десктоп компјутер | Kodegen Case-3307-A2 400W | Кодеген Супер Пауер | парче | 1 |
| 2 | Монитор | 18,5" 196V3LAB/00 | Филипс | парче | 1 |
| 3 | Сет од звучници | SPK Twins USB 2,0 | МСИ | парче | 1 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Црвениот крст на Република Македонија - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со претседателот на Црвениот крст на Република Македонија - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11414/14-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**498.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД НЕДВИЖНА СТВАР**

Член 1

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за престанок и за давање користење на дел од недвижна ствар бр. 19-6519/1 од 24 декември 2006 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/06).

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11596/1-18
5 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**499.**

Врз основа на член 38 став 3 и став 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Мирче Клечароски с.Мороишта Струга, на земјоделското земјиште под долгогодишен насад со вкупна површина од 2ха 00ар 00м2 и тоа дел од КП бр.2817/1 во место викано Шири Бегај, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 1, запишана во ИЛ бр.3998 за КО Струга.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 30.9.2043 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-86/1<br>5 февруари 2019 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р. |

**500.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари – тениски терени, кои се наоѓаат на КП 5106/4, КО Центар 1, викано место „ПАРК“ и тоа:

- објект бр.1, со вкупна отворена површина од 261 м2, кое претставува отворено спортско игралиште-тениски терен и
- објект бр.2, со вкупна отворена површина од 260 м2, кое претставува отворено спортско игралиште - тениски терен

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-216/1<br>5 февруари 2019 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>**Зоран Заев,** с.р. |

**501.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижни ствари, кои се наоѓаат на улица „Јанчевица“, на КП бр.304, КО Трново, запишани во Имотен лист бр.691, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- зграда бр.1, влез 1, намена на посебен дел од зграда помошни простории, кат ПО, со внатрешна површина од 152 м2,
- зграда бр.1, влез 1, намена на посебен дел од зграда помошни простории, кат ПР, со внатрешна површина од 2 м2,
- зграда бр.1, влез 1, намена на посебен дел од зграда згради во останато стопанство, кат ПР, со внатрешна површина од 229 м2 и
- зграда бр.1, влез 1, намена на посебен дел од зграда помошни простории, кат ПР, со внатрешна површина од 23 м2.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на општината Крива Паланка.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и општината Крива Паланка, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-270/1<br>5 февруари 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**502.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗДРАВСТВЕН ДОМ КРУШЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Здравствена станица Железара - Скопје му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Кол. |
|---|---|---|---|---|
| Апарат за автоматско развивање на РТГ филмови | Mediphot 900 | ЕИ Ниш | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Здравствен дом Крушево.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Здравствена станица Железара – Скопје склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Здравствен дом Крушево со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-347/1
5 февруари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**503.**

Врз основа на член 24 став (2) од Законот за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16 и 83/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ТАРИФАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Тарифата за изменување на Тарифата на Државниот завод за индустриска сопственост на Република Македонија, бр.03-1560/1 од 9.10.2018 година, донесена од директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-417/1
5 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**504.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА МХЕЦ НА ЛИСЕЧКА РЕКА - РЕЧИЦА 1 КО ЛИСЕЦ - ВОН Г.Р., ОПШТИНА ТЕТОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на Лисечка Река-Речица 1 КО Лисец-вон г.р., Општина Тетово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 396м2 , ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 1178-дел | Лисец-вон г.р. | Дукумлака | камењар | 0 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат | | | | 17722м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-444/1
5 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**505.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА НН/ЕЕ ПОДЗЕМЕН ВОД ЗА НАПОЈУВАЊЕ СО ПРИДРУЖЕН ОБЈЕКТ-БАЗНА СТАНИЦА ЗА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА БТС ПЕКОМ КО ПЕХЧЕВО, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на НН/ЕЕ подземен вод за напојување со придружен објект-базна станица за мобилна телефонија БТС Пеком КО Пехчево, Општина Пехчево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 350м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 3617-дел | Пехчево | Мал чардаџик | пасиште | 3 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат | | | | 621 м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-448/1
5 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**506.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г4-СТОВАРИШТА КО СОПИШТЕ-ВОН ГРАД, ОПШТИНА СОПИШТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стоваришта КО Сопиште-вон град, Општина Сопиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 6534м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2283 | Сопиште вон град | Бел Крст | Лозје | 4 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат | | | | 6551м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-450/1
5 февруари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**507.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА МХЕЦ ПЕНА СО РЕФЕРЕНТЕН БР.82 КО БОЗОВЦЕ - В.Г.Р., ОПШТИНА ТЕТОВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Пена со референтен бр.82 КО Бозовце-в.г.р.,Општина Тетово.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена е со површина од 28348 м2 и ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2073-Дел | Бозовце вон-г.р | Кривашија | Кмењар | 0 |
| 1605-Дел | Бозовце вон-г.р | Батаниш | Пасишта | 8 |
| 1-Дел | Бозовце вон-г.р | Скакала | Пасишта | 8 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 57000м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-455/1 Претседател на Владата
5 февруари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**508.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за финансии се дава на трајно користење без надомест недвижна ствар во сопственост на Република Македонија, запишана во Имотен лист бр. 23632 КО Кичево 4, КП 2713/2, дел. 2, зграда 1, влез 1, кат ПО, намена на зградата 00540, м.в. ул. Бул. Ослободување бб, собност 000 во вкупна површина од 693 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-518/1 Претседател на Владата
5 февруари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**509.**

Врз основа на член 15 став (21) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДБИВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Со оваа одлука се одбива иницијативата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – песок на локалитетот „с.Нераште“, Општина Теарце поднесена од Друштвото за производство трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДЕПО ДОО експорт-импорт Тетово бр. 24-7757/1 од 18.12.2015 година, бидејќи од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање – Управа за животна средина – Сектор за води е добиено негативно мислење бр.11-4225/4 од 5.9.2016 година, поради тоа што просторот предвиден за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок се наоѓа во првата поширока заштитна зона на изворот Рашче.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-596/1 Претседател на Владата
5 февруари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**510.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за научно – истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ДУХОВНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА АЛБАНЦИТЕ - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје бр.0201-38/2 од 23.1.2019 година, донесен од Советот на ЈНУ Институт за духовно културно наследство на Албанците – Скопје, на седницата одржана на 23.1.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-639/1 Претседател на Владата
5 февруари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

---

**511.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година бр. 02-506/4, донесена од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата, одржана на 4.2.2018 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-752/1 Претседател на Владата
5 февруари 2019 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**512.**

Врз основа на член 30 став 6 алинеја 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2019 година бр. 02-506/6, донесен од Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата, одржана на 4.2.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-752/2 | Претседател на Владата |
| 5 февруари 2019 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**513.**

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16) и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија” бр.238/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ПРИХОДИТЕ ОД ИГРИ НА СРЕЌА И ОД ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ВО 2019 ГОДИНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средства во износ од 70.000.000,00 денари од приходите од игри на среќа и забавни игри за 2019 година.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа одлука се распоредуваат:

1. За финансирање на годишните програми на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, во износ од 57.000.000,00 денари, согласно Законот за инвалидски организации и тоа:

- За финансирање на програмските активности на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, во износ од 5.400.000,00 денари;
Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 , 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО УМЛЕНА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА А - ДОМУВАЊЕ, Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ, В-ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ, Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ, Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА, Е - ИНФРАСТРУКТУРА КО УМЛЕНА, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Умлена за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Умлена, Општина Пехчево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 11163 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2324 | Умлена | с. Умлена | ливада | 4 |
| 2522 | Умлена | с. Умлена | нива | 4 |
| 2175/2 | Умлена | Друмот | нива | 4 |
| 2323 | Умлена | с. Умлена | ливада | 4 |
| 2316 | Умлена | с. Умлена | овоштарник | 4 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат: | | | | 240790м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-8808/1 -18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**536.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Б5 - ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКС КО ДОБРИ ДОЛ, ОПШТИНА СОПИШТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Добри Дол, Општина Сопиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 1327 | Добри Дол | Лоза Рупа | Нива | 5 |
| 1326 | Добри Дол | Лоза Рупа | Лозје | 4 |
| 1328 | Добри Дол | Лоза Рупа | Нива | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 5731 м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-8862/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**537.**

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНАТА УСТАНОВА „ЗАТВОР ПРИЛЕП“ – ПРИЛЕП**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески’“ – Прилеп му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Ред. бр. | Назив на движната ствар | Карактеристики на движната ствар | Единица мерка | Кол. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрестлим, дим.95цм x 180цм | парче | 32 |
| 2 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрест лим, дим.65цм x 180цм | парче | 8 |
| 3 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрест лим, дим.130цм x 180цм | парче | 8 |
| 4 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрест лим, дим.70цм x 180цм | парче | 4 |
| 5 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрест лим, дим.100цм x 180цм | парче | 8 |
| 6 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрест лим, дим.95цм x 290цм | парче | 16 |
| 7 | Табла за монтажна гаража | Поцинкуван ребрест лим, дим.65цм x 290цм | парче | 4 |
| 8 | Профилни цевки за конструкции со квадратен пресек | Јаглероден челик, дим.5цм x 5 цм x 180цм | парче | 64 |
| 9 | Профилни цевки за конструкции со квадратен пресек | Јаглероден челик, дим.5цм x 5 цм x290цм | парче | 16 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Казнено поправната установа „Затвор Прилеп“ - Прилеп.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески“–Прилеп склучува договор со директорот на Казнено поправната установа „Затвор Прилеп“ - Прилеп, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9451/1 -18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**538.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари –деловни простории, кои се наоѓаат на КП бр.13314 во КО Тетово 3, на ул. „Маршал Тито“ бб Тетово и тоа:

- зграда 1, намена на зграда и друг објект Б4-2, влез 1, кат ПО, намена на посебниот дел од зграда П со внатрешна површина од 56,75м2,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект Б4-2, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебниот дел од зграда Г, со внатрешна површина од 14,61м2,
- зграда 1, намена на зграда и друг објект Б4-2, влез 1, кат ПР, број на посебен дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 35,66м2 и
- зграда 1, намена на зграда и друг објект Б4-2, влез 1, кат 1, број на посебен дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 383,02м2, во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9497/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**539.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Со оваа одлука на Општина Струмица и се даваат на трајно користење, без надомест, недвижни ствари - дел од објект, кој се наоѓа на ул. „Маршал Тито“ во Струмица, на КП 1663, КО Струмица, запишан во Имотен лист 50493, сопственост на Република Македонија и тоа:

- зграда 1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина од 82 м2 и
- зграда 1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел П, со внатрешна површина од 49 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11334/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**540.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14, 83/18 и 7/19), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ХРОНИЧНИ РЕСПИРАТОРНИ НЕСПЕЦИФИЧНИ И АЛЕРГИСКИ ЗАБОЛУВАЊА ОТЕШЕВО РЕСЕН**

Член 1

Со оваа одлука на Јавната здравствена установа Завод за превенција лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања Отешево Ресен од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат, без надомест, 30.000 литри Екстра лесно масло за горење ЕЛ-1, потребно за обезбедување на греење на Јавната здравствена установа Завод за превенција лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања Отешево Ресен.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати од член 1 од оваа одлука паѓаат на товар на Јавната здравствена установа Завод за превенција лекување и рехабилитација на хронични респираторни неспецифични и алергиски заболувања Отешево Ресен.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11413/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**541.**

Врз основа на член 18 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2019 година, бр.02-728/4, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 14.12.2018 година.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11416/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**542.**

Врз основа на член 18 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2019 година, бр.02-728/5, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на седницата, одржана на 14.12.2018 година.
2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11416/2-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**543.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО НАМЕНА А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ КО МИСЛЕШЕВО – ВОН. Г.Р., ОПШТИНА СТРУГА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена А1-домување во станбени куќи КО Мислешево -вон. г.р., Општина Струга.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена со вкупна површина од 10370 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2012/1 | Мислешево-вон. г.р. | Шурбов рид | нива | 3 |
| 2006/1 | Мислешево-вон. г.р. | Шурбов рид | нива | 2 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат: | | | | 11847 м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11604/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**544.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16,172/16 и 64/18) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција на запишување на недвижност сопственост на Република Македонија и тоа премер на објект, кој се наоѓа на ул. „Цветан Димов“ бр.54, КП бр. 7632 КО Тетово 2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11612/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**545.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии – Управа за јавни приходи му престанува користењето на недвижна ствар, која се наоѓа на ул. „Маршал Тито“ во Струмица, на КП 1663, КО Струмица, запишана во Имотен лист 50493, сопственост на Република Македонија и тоа:

- зграда 1, влез 1, кат 1, намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина од 47 м2.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Општина Струмица.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука ќе се изврши помеѓу Министерството за финансии – Управа за јавни приходи и Општина Струмица, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11642/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**546.**

Врз основа на член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ – СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“- Скопје за 2019 година бр. 02-827/3 од 10.12.2018 година, донесена од Управниот одбор на јавното претпријатие, на седницата, одржана на 10.12.2018 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11691/1-18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**547.**

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИНТЕГРИРАНО МЕНАЏИРАЊЕ СО ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ХИРУРШКИ ЗАФАТИ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД БОЛНИЧКИ ИНФЕКЦИИ**

Член 1

Со започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции се обезбедуваат услови за:
- набавка на нови хируршки инструменти;
- воведување на униформи, постелнина и облека на пациентите во хируршките сали за еднократна употреба, заради избегнување на опасност од инфекции;
- воведување на детална машинска дезинфекција на хируршките сали, наместо сегашната мануелна;
- контрола на инфекции во хируршките сали;
- замена на постојната со нова опрема за стерилизација во центрите за стерилизација;
- депонирање на високоризичен биолошки отпад;
- воведување на централизирано управување со стерилизација, преку воведување на софтвер и интегриран менаџмент со информациски систем;
- логистика и транспорт на стерилни хируршки инструменти и облека од и до хируршките сали.

Член 2

Целите кои што треба да се постигнат со доделувањето на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции се следните:
- интегрирани услуги за управување со централни стерилизациски станици;
- персонализирани комплети на стерилни хируршки инструменти;
- стерилен медицински материјал (облека) за една употреба во хируршките сали;
- третман на ризици од биолошки отпад;
- дезинфекција на хируршки сали.

Член 3

Предмет на постапката е доделување договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање и иновативни решенија за хирурушки зафати и здравстена заштита од болнички инфекции преку модел на договор за јавна набавка на услуга.

Основните услови за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство се:
- реновирање и адаптирање на четири објекти во станици за стерилизација, целосно опремување на четирите објекти за стерилизација во времетраење од две години;
- набавка на персонализирани комплети на стерилни хирурушки инструменти и обезбедување на нивна постојана замена;
- набавка на стерилен медицински материјал за еднократна употреба во хируршките сали;
- дезинфекција и контрола на инфекции во хируршките сали;
- логистика и транспорт на стерилни хируршки инструменти;
- обезбедување потребен персонал во центрите за стерилизација и во секоја хируршка сала, со обезбедување на нивна континуирана обука;
- обезбедување гасна, плазма и парна стерилизација;
- управување со биолошкиот отпад и третман на ризици;
- целосно управување со центрите за стерилизација преку интегриран менаџмент со информациски систем кој ќе обезбеди целосно следење на сите операции, инструменти, степен на стерилизација и контрола на трошоци;
- обезбедување на банкарска гаранција за учество во постапката во износ од 3% од проценетата инвестициска вредност која треба да ја достави приватниот партнер.

Критериум за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е „економски најповолна понуда“.

Јавниот партнер ќе му исплаќа утврден надоместок на приватниот партнер кој ќе ги вклучува сите наведени услуги за целиот период на важењето на договорот за јавно приватно партнерство. Висината на надоместокот ќе се пресметува врз основа на цена утврдена од страна на избраниот понудувач во доставената понуда.

Приватниот партнер е должен да го врати објектот со целокупната документација во владение на јавниот партнер во рок од 30 дена од денот на престанувањето на важење на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Проценета вредност на договорот за воспоставување на јавното приватно партнерство е 16,10 милиони евра.

Времетраењето на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе изнесува 15 години од денот на влегувањето во сила на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство.

Другите услови за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе бидат утврдени во содржината на тендерската документација.

Член 4

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ќе се спроведе како отворена постапка која ќе заврши со електронска аукција согласно Законот за јавните набавки.

Член 5

Постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, која ќе биде формирана од страна на Владата на Република Македонија на предлог на министерот за здравство, во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата е должна во рок од 30 дена од денот на формирањето на Комисијата, да ја изготви тендерската документација вклучувајќи ги и нацрт договорот и јавниот оглас.

Комисијата ќе објави меѓународен оглас за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, во рок од пет дена од денот на изготвувањето на тендерската документација.

Член 6

Рокот за спроведување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство е 120 дена од денот на започнување на постапката.

Член 7

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 100 евра во денарска противвредност, според среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на објавување на јавниот оглас.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 45-355/1
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**548.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16), Владата на Република Македонија, на седница, одржана на 29.1.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ЗА 2019 ГОДИНА

1. Финансирањето за изградба и реконструкција на спортските објекти се врши согласно член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16).

Како еден од основите за финансирање во изградбата и реконструкцијата на спортските објекти, воедно и приоритети на Владата на Република Македонија во дејноста спорт е обезбедување на услови за реализација на наставата по физичко воспитување во основното и средното образование, спортување и рекреација на студентите, за функција на спортските клубови и спортски федерации, како и рекреативните активност на граѓаните и спроведување на децентрализација на спортот. Затоа, приоритет во капиталните инвестиции во спортската инфраструктура е изградба на современи објекти за спортот и реконструкција на веќе постоечките.

Со оваа програма се планира изградба на нови и реконструкции на веќе постоечките спортски објекти, во рамките на средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година и врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 210.000.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, на Раздел 16101 – 15229-637-16 Агенција за млади и спорт, Програма 2– спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти, ставка 482 – други градежни објекти.

Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Програма 2– спорт и Потпрограма 2А – спортски објекти:

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Изградба и реконструкција (санација) на спортски објекти кои ќе започнат во 2019 година<br>• Проект„Изградба на пливачки базени во општина Охрид“<br>• Проект„Изградба на спортска сала во Шуто Оризари“<br>• Проект „Изградба на 14 затворени училишни базени“<br>• Проект „Реконструкција на затворен базен во Струга“<br>• Проект „Изградба на 2 сали за боречки вештини“<br>• Проект „Изнајмување на 5 монтажни лизгалишта“<br>• Проект „Реконструкција на спортски објекти“ | 202.350.000,00 |
| 2. | Проектирање и ревизија за изградба и реконструкција на спортски објекти и Стручно-технички надзор при изградби и реконструкција на спортските објекти; | 6.000.000,00 |
| 3, | Геодетски услуги, техничка документација за проектни програми и елаборати за изградба и реконструкција на спортски објекти; | 1.350.000,00 |
| 4. | Стандарден приклучок на спортските објекти со електрична енергија | 300.000,00 |
| | **Вкупно** | **210.000.000,00** |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11111/1 -18
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**549.**

Врз основа на член 18 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/18), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 8.1.2019 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИТЕ И РЕПРЕЗЕНТАТИВНИТЕ ОБЈЕКТИ И СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА ВО 2019 ГОДИНА

I

Со оваа програма се определуваат активностите што ќе се преземат, висината на средствата за репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените згради и службените простории кои што подлежат на инвестиционо одржување.

Средствата за реализација на Програмата за инвестиционо одржување на репрезентативните и резиденцијалните објекти и службените простории на органите на државната управа ќе се користат за:

1. Подобрување на функционалните и безбедносни услови во хангарот за авиони на Меѓународен Аеродром Скопје.

2. Подобрување на функционалноста на системот за ладење на објектот на Нова Македонија.

3. Подобрување на работните услови во административниот простор на Секретаријатот за европски прашања.

4. Подобрување на работните услови во објектот на Владата на Република Македонија.

5. Подобрување на функционалноста на резиденцијалниот објект Вила Охрид во Охрид.

II

Средства за извршување на мерките и активностите од дел I на оваа програма се обезбедени од следните извори:

1. Буџет на Република Македонија за 2019 година, согласно со Раздел 040.02, Потпрограма 1А – Реконструкција на згради на владини органи

- ставка 481 – Градежни објекти 35.000.000.

III

Средства од дел II на оваа програма, ќе се користат за следните намени:

**СТАВКА 481 – ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ**

А. РЕПРЕЗЕНТАТИВНИ, РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИ И УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

1. Санација на подрумскиот дел во објектот Вила Охрид 500.000

Вкупно А: 500.000

**Б. СЛУЖБЕНИ ЗГРАДИ И ПРОСТОРИИ**

1. Реконструкција на хангар за авиони на Меѓународен Аеродром Скопје 14.200.000

2. Реконструкција на систем за ладење во објектот Нова Македонија 12.800.000

3. Реконструкција и адаптација на административниот простор на Секретаријатот за европки прашања во објектот на Кеј Димитар Влахов бр.4 5.000.000

4. Реконструкција на простор во Кула 3 приземје во објектот Владата на Република Македонија 2.500.000

Вкупно Б: 34.500.000

**ВКУПНО 481: 35.000.000**

IV

За спроведување на оваа програма се грижи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11178/1 -18
8 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**550.**

Врз основа на член 54 став (2) од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.1.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програма за трансплантација во Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/19), во делот III. „Мерки и активности“, во Мерка 5: „Создавање на одржлив систем за поддршка и водење севкупна грижа за донаторите/дарителите и трансплантираните пациенти“ точката 3. се менува и гласи:

„3. Ослободување на осигурените лица-пациенти со состојби на трансплантиран орган, ткиво или клетки од плаќање на учество (партиципација) за имуносупресивни лекови за профилакса или третман на отфрлање на трансплантатот и тоа за следните имуносупресивни лекови: Mycophenolic acid tabl./caps. 180mg, 360mg, 250mg и 500mg, Ciclosporin caps. 25mg, 50mg и 100mg, sol.100mg/ml и Tacrolimus caps.0.5mg, 1mg и 5mg “

Во делот IV. „ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА“, во насловот „Финансиски средства“ , по точката 8. се додава нова точка 9., која гласи:

„9. Финансиски средства за ослободување на осигурените лица-пациенти со состојби на трансплантиран орган, ткиво или клетки од плаќање на учество (партиципација) за имуносупресивни лекови за профилакса или третман на отфрлање на трансплантатот (Mycophenolic acid tabl./caps. 180mg, 360mg, 250mg и 500mg, Ciclosporin caps. 25mg, 50mg и 100mg, sol.100mg/ml и Tacrolimus caps.0.5mg, 1mg и 5mg).

Партиципацијата ќе се плаќа за наведените имуносупресивни лекови издадени почнувајќи од 1.1.2019 година заклучно со 31.12.2019 година врз основа на рецепт во аптеките кои имаат склучено договорот со Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Исто така, партиципацијата ќе се плаќа и за наведените имуносупресивни лекови набавени од здравствени установи за потребите на трансплантираните пациенти кои овие лекови ги примаат во болнички услови почнувајќи од 1.1.2019 година заклучно со 31.12.2019 година.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до здравствени установи (јавни здравствени установи), односно до ФЗОМ за лековите издадени на рецепт во аптеките согласно планираните средства утврдени во Табелата: Обезбедени финансиски средства за реализација на дел од активностите предвидени со Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2019 година.“

Точките 9. и 10. стануваат точки 10. и 11.

Табелата „Обезбедени финансиски средства за реализација на дел од активностите предвидени со Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2019 година“ се заменува со нова Табела, која гласи:

**„Табела: Обезбедени финансиски средства за реализација на дел од активностите предвидени со Програмата за трансплантација во Република Македонија за 2019 година**

| Ред. бр. | Активност | Извршител | Количина | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извршување на ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања од страна на надлежните установи (плаќање на партиципацијата наместо примателите-пациенти кои се подготвуваат за трансплантација/како и за дарителите на органи, ткива и матични клетки); | Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија, Институт за имунологија и хумана генетика при Медицински факултет при Универзтетот „Св.Кирил и Методиј“ и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите; | | 400.000,00 |
| 2. | Обука на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз):<br>(1) Напреден меѓународен курс за обука за управување со “набавки” во областа | Министерство за здравство | | 500.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на трансплантација ( Advanced International Training Course in Transplant Procurement Management) во Барселона од 12-ти-до 16-ти ноември 2019 год.;<br>(2) 19-ти Конгрес на Европското здружение за трансплантација на органи во Копенхаген, Данска од 15 до 18 септември 2019;<br>(3) 15-тиот конгрес на Меѓународното здружение за донации и „набавки“ на органи (ISODP 2019) организиран од Меѓународното друштво за донации и „набавки“ на органи (ISODP), општество за трансплантација (TTS) од 14 - 16 ноември 2019 год. во Дубаи, Обединетите Арапски Емирати.<br>(4) Учество на ТПМ основни и напредни обуки (TPM basic & intermediate);<br>(5) настан на тема: „Подигање на јавната свест“ (Social awareness event) во Брисел, Белгија на 18 февруари 2019 година организиран од страна на ЕУДОНОРОРГ (EUDONORGAN) во соработка со националните органи надлежни за трансплантација | | | |
| 3. | Исплата на надоместок за вршење на работите на **Националниот координатор за трансплантација** | Министерство за здравство | | 320.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Ангажирање на **лица за вршење на стручни и административно-технички работи** поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација и на комисии и работни групи за активностите насочени кон унапредување, регулирање и евалуација на системот за трансплантација; | Министерство за здравство | | 100.000,00 |
| 5. | Исплата на надоместок за вршење на работите на **„болничките" координатори** | Министерство за здравство | | 680.000,00 |
| 6. | Зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од жив донор** | Министерство за здравство | | 1.000.000,00 |
| 7. | Зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од починат донор** | Министерство за здравство | | 2.000.000,00 |
| 8. | Преземање на финансиски трошоци поврзани со починатото лице како донор наместо семејството на донорот (плаќање на погребот и други трошоци поврзани со погребувањето на донорот) (5 донора починати лица-кадавера по 30.000,00 денари) | Министерство за здравство | | 150.000,00 |
| 9. | Ослободување од плаќање на партиципација за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот | Министерство за здравство | | 600.000,00 |
| 10. | Организирање на настани за зголемување на јавната свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство | Министерство за здравство | | 250.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | **6.000.000,00** |

"

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 45-637/1
29 јануари 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

**551.**

По извршеното проверување со изворниот текст, е утврдено е дека во текстот на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, под бр.44-9910/1 од 20.12.2018 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија” бр.234/18 од 20.12.2018 година, направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ВРЗ КОЕ ИМА ИЗГРАДЕНО ОРАНЖЕРИЈА И ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ ВО ФУНКЦИЈА НА ОРАНЖЕРИЈАТА, ОДНОСНО ОБЈЕКТИ ВО СТОПАНСКИОТ ДВОР**

Во членот 1 наместо „со вкупна површина од 153935 м2“, треба да стои „со вкупна површина од 154115 м2“.

Бр. 44-9910/3
5 февруари 2019 година
Скопје

Од Владата
на Република Македонија

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2019030